Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-22/5
18.04.2023, Скопје

За потребите на проектот „Уставниот суд – заштитник на човековите права”, финансиран од Германската амбасада во Скопје, врз основа на Договорот за грант меѓу Германската амбасада во Скопје и Институтот за човекови права бр. 0307-22/1 од 14.04.2023 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОВИК
за ангажирање на правник за следење на седници на Уставниот суд на Република Северна Македонија

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Уставниот суд – заштитник на човековите права”, финансиран од Германската амбасада во Скопје има потреба од **ангажирање на правник за следење на седниците на Уставниот суд на РСМ,** кој ќе биде неопходен за успешно реализирање на програмските активности.

2. Опис на активностите:
   - Следење на седниците на Уставниот суд на РСМ;
   - Изготвување на интерен мониторинг извештај после секоја седница.

Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача која е дел од овој повик.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Следењето на седниците на Уставниот суд на РСМ треба да се одвива во период од средината на април 2023 до 31 декември 2023..

4. ИЧП ќе склучи договор за привремено вршење на услуги со избраниот кандидат за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 1/2023.

5. Апликацијата треба да содржи:
   - CV со фокус на потребната квалификација и завршени правни студии.

6. Изборот на правник ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната понуда.

   Кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе бидат повикани на интервју пред да биде направена финалната селекција.

7. Услови и начин на плаќање

За ангажманот предвиден е финансиски надоместок во вкупен бруто износ од 183.900 денари. Плаќањето ќе биде извршено на месечна база, врз основа бројот на сработени работни денови во месецот.

8. Начин на доставување на апликацијата

Апликациите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Институт за човекови права

Краен рок на доставување на понудите е до **24.04.2023 година.**

Апликациите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **21.04.2023 година**.

Весна Стефановска
Институт за човекови права